Бр./Nr 12-1899/1
05-05-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2072/1 од 01.08.2025 година, со наводи за сомневања за незаконитости во спроведување на постапка за јавна набавка, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2072/1 од 01.08.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 01.08.2025 година, е поднесена пријава во која се изразува сомневање за незаконитости во спроведувањето на постапка за јавна набавка на стоки – сукцесивна набавка на пумпи за црпење на песок во песокозадржател статички поставени, спроведена од ЈКП „----------“ – ------, по оглас број -----/2025, објавен на 09.07.2025 година, по што е оформен е предмет со број 12-2072/1 од 01.08.2025 година.

Во пријавата е наведено дека постои сомневање за фаворизирање на однапред познат понудувач, односно економскиот оператор Друштво за проектирање и инженеринг „----------“ ДООЕЛ Скопје.

Со цел целосно утврдување на фактичката состојба по пријавените наводи, Државната комисија побара од ЈКП „--------“ – ------- да ја достави целокупната документација поврзана со спроведената постапка за јавна набавка.

Од извршениот увид во доставената документација, Државната комисија го утврди следното:

По објавувањето на огласот со број -----/2025 на ден 09.07.2025 година, била формирана Комисија за јавна набавка за предметната постапка. Согласно тендерска документација, критериум за избор била најповолната понуда врз основа на најниска цена, а постапката била спроведена како поедноставена отворена постапка. Проценетата вредност на набавката изнесувала 900.000,00 денари.

Според записникот од отворањето на понудите, биле поднесени две понуди, и тоа од:

- Друштво за проектирање и инженеринг „-----------“ ДООЕЛ Скопје, со понудена цена од 734.240,00 денари без ДДВ;
- Друштво за производство, трговија и услуги „--------“ ДОО Скопје, со понудена цена од 1.959.988,00 денари без ДДВ.

Комисијата за јавна набавка извршила евалуација на понудите согласно член 109 од Законот за јавни набавки, при што утврдила дека понудата на „-------“ ДОО Скопје е некомплетна, бидејќи не ги содржи сите барања од техничката спецификација, односно не е доставен сертификат за минимум две лица за завршена обука за сервис на понудените пумпи.

Иако од страна на комисијата било побарано дополнително доставување на наведениот сертификат, со оглед дека истиот преставувал услов за учество во постапката, понудувачот „--------“ ДОО Скопје не го доставил истиот во дадениот рок.

Поради наведеното, Комисијата одлучила понудата да се смета за некомплетна и истата да се отфрли како неприфатлива, без да биде предмет на понатамошна евалуација.

По спроведената постапка, директорот на ЈКП „--------“ – ------, во својство на одговорно лице на договорниот орган, донел Одлука за избор на најповолен

понудувач со број ------- од 04.08.2025 година, со која за најповолен понудувач е избрано Друштвото за проектирање и инженеринг „--------" ДООЕЛ Скопје.

Од наведеното, Државната комисија констатира дека постапката за јавна набавка е спроведена согласно одредбите на Законот за јавни набавки, дека одлуката за избор на најповолен понудувач е донесена врз основа на утврдените критериуми и дека не се утврдени елементи кои упатуваат на постоење на корупција или судир на интереси.

Посносителот имал право да изјави Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН), доколку сметал дека постојат основи за тоа. Од увид во јавно достапните информации на веб-страницата на ДКЖЈН, утврдено е дека истото право не било искористено.

Врз основа на наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК